# Политика за човекови права на корпорацијата Унвиерзал

## Вовед и изјава за политиката

Универзал е посветена на деловните практики кои ги почитуваат човековите права на нашите вработени, учесниците во нашиот ланец на снабдување и на нивните заедници. Водечките принципи на ОН за бизнис и човекови права („Водечки принципи на ОН“) и Декларацијата на Меѓународната организација на трудот за основните принципи и права при работа („Основните принципи на МОТ“) ја даваат рамката за меѓународно признати човекови права. Политиката на Универзал е да работи на начин и да посветува должно внимание на човековите права во согласност со Водечките принципи на ОН и Основните принципи на МОТ, со цел да се идентификуваат и проценат вистинските и потенцијалните влијанија на човековите права во нашето делување и во ланецот на снабдување, и да се зајакнат, прилагодат или да се усвојуваат соодветни програми и практики за да се спречат, ублажат и поправат таквите влијанија врз човековите права. Ваквите програми и практики ги вклучуваат без ограничување нашиот Кодекс на однесување, нашиот Прирачник за усогласеност против корупција и нашиот Кодекс за земјоделски работни практики.

## Управување и опфат на политиката

Оваа политика е одобрена од нашиот Управен одбор и надгледувана од нашиот Управен одбор преку нашиот Комитет за номинирање и корпоративно управување, заедно со нашиот главен извршен директор и другите членови на раководниот тим. Се однесува на секој службеник, директор и вработен во корпорацијата Универзал или која било нејзина подружница, при што секој е задолжен да се осигура дека неговите или нејзините активности, како и оние на нивните колеги службеници, директори и вработени, ги почитуваат основните човекови права. Исто така, очекуваме нашите добавувачи и други партнери во ланецот на снабдување да работат според принципите на оваа Политика за да ги заштитат меѓународно признатите човекови права.

## Проценка на човековите права

Во согласност со оваа Политика, се обврзуваме тековно и со земање предвид на интересите на нашите засегнати страни, да ги идентификуваме, процениме, спречиме и поправиме сите фактички или потенцијални влијанија врз човековите права што се случуваат директно или индиректно преку нашето делување и ланецот на снабдување. Во врска со оваа заложба, им дадовме приоритет на следниве теми кои се однесуваат на човековите права:

- ***Детски труд:*** Корпорацијата Универзал е посветена на елиминирање на детскиот труд. Децата се ранливи во однос на експлоатацијата и често пати не се во состојба да се одбранат. Детскиот труд, исто така, често пати го попречува посетувањето на училиште, што го повредува правото на образование на детето. Универзал забранува вработување на деца и ќе ги следиме и ќе работиме со учесниците во нашиот ланец на снабдување за да се спротивставиме на детскиот труд и на корените за негово постоење.

- ***Принудна работа:*** Универзал смета дека секој има право на избор на вработување, пристојни работни услови, слобода на движење и уживање во деновите за одмор. Универзал не толерира никаква принудна работа во својата организација и го очекува истото од добавувачите и другите во нашиот ланец на снабдување. Универзал спроведува проценки на ризикот и ги овозможува механизмите за известување за да се идентификува ризикот од принудна работа, вклучително и на неволната работа поврзана со трговија со луѓе во нејзиниот ланец на снабдување, и спроведува мерки за избегнување, решавање, ублажување и елиминирање на секој таков ризик и на неговите основни причини.

- ***Безбедна работна средина:*** Здравјето и безбедноста се од огромно значење за Универзал. Ресурсите и инвестициите потребни за заштита на нашите вработени се критичен дел од нашиот бизнис и постојано работиме на тоа да ја подобриме работната средина и да се надградуваме во нашите безбедносни практики. Исто така, очекуваме нашите добавувачи да обезбедат безбедна работна средина за сопствените работници. Онаму каде што на добавувачите им е потребна поддршка, работиме на тоа да им го олесниме пристапот до заштитна опрема, чиста вода, медицинска помош и безбедно сместување.

- ***Фер и еднаков третман:*** Универзал верува во одржување на разновидна и инклузивна работна сила преку промовирање на еднаквост при вработувањето. Универзал верува во донесување кадровски одлуки врз основа на заслугите без оглед на или без дискриминација врз основа на раса, пол, боја, национално или социјално потекло, етничка припадност, религија, возраст, попреченост, сексуална ориентација, родова идентификација или израз, политички ставови или кој било друг статус заштитен со важечкото право. Ние вработуваме локално во секој регион во кој работиме и придонесуваме за благосостојбата на вработените преку соодветни програми. Универзал, исто така, ја применува оваа политика и за своите добавувачи и го следи третманот на нивната работна сила. Ние веруваме дека сите луѓе имаат право да бидат третирани со достоинство и почит, и ние не дискриминираме или дозволуваме однесување што е навредливо или понижувачко. Доколку се открие нефер третман, мора да се идентификуваат основните причини и да се воведат практики за нивно соодветно адресирање.

- ***Слобода на собир:*** Универзал верува во правото на работниците да се организираат и колективно да преговараат. Универзал верува во конструктивни и транспарентни дискусии помеѓу работодавачите и работниците и ги поздравува здруженијата што промовираат фер услови за работа и ја олеснуваат подобрата комуникација без страв од одмазда.

- ***Усогласеност со и заштита на законот:*** Универзал верува во почитување на и постапување според важечките закони на локациите на кои работиме. Доколку важечкото право е построго од оваа Политика, мора да се придржуваме кон важечкото право. Ние веруваме во задолжителноста на законскиот процес и го следиме локалното законодавство во секоја постапка за вработување или дисциплинирање. Универзал, исто така, верува во почитување на законите за приватност на податоците кои се однесуваат на вработените и на добавувачите, преку внимателна примена на барањата и на спогодбите за пренос на податоци. Универзал, исто така, ја наметнува оваа политика и на добавувачите и го следи нивниот третман кон вработените за да се осигура дека сите локални закони се почитуваат во деловните практики на добавувачите.

## Справување со конкретни ситуации

Се стремиме да спречиме какви било влијанија врз човековите права во нашите деловни активности и во ланецот на снабдување. Доколку се идентификуваат такви влијанија, ние сме посветени на тоа да се справиме со нив. Било какви проблеми или поплаки во однос на човековите права кои се поврзни со нашите деловни активности или во ланецот на снабдување треба да се пријават на локално признатиот механизам за постапување по нив. Ние сме посветени на подобрување на пристапот до такви механизми за сите наши деловни активности и ланците на снабдување. Ние сме исто така посветени на градење свест кај нашите службеници, директори и вработени и учесниците во нашиот ланец на снабдување, за пријавување на можни ситуации кои се однесуваат на човековите права. Универзал нема да толерира каква било одмазда против лицата кои со добра волја пријавуваат проблеми или поднесуваат поплаки поврзани со човековите права.

## Следни чекори

Посветувањето на должно внимание на човековите права претставува тековен процес. Додека ги продолжуваме нашите напори да ја поддржиме оваа Политика, ќе се осврнеме на сите дополнителни области од интерес што ќе се појават, ќе ги процениме сите промени во нашите деловни активности или работни средини и ќе работиме со другите релевантни засегнати страни за да создадеме свест и поттикнеме промени. Како глобална компанија, нашите локални тимови ќе развијат и одржуваат локални политики и програми соодветни за локалната работна средина, ќе посветат организациски ресурси, ќе ја едуцираат и обучуваат нашата работна сила и онаа на третите страни во нашиот ланец на снабдување со цел да се придржуваат кон оваа Политика, кон нашите соодветни програми и практики, и кон важечките закони. Оваа Политика редовно ќе се разгледува од Комитетот за номинирање и корпоративно управување на корпорацијата Универзал и по потреба ќе се менува.